*Прилог 1: Формулар за поднесување коментари*

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот *за реконстукција на локална улица 5 с. Студеничани, општина Студеничани***

**Опис на проектот**

Локалната улица бр. 5 во Студеничани по целата должина е земјена (дел тампонирана и многу мал дел асфалтирана на спојот со другата улица кон центарот на Студеничани), недоизградена, со големи нерамнини, оштетена и со ударни дупки, односно постојниот пат е тешко употреблив за моторен сообраќај и не ги задоволува потребите од аспект на носивост, брзина и безбедност на сообраќајот. Улицата е доста фреквентна со возила и нема тротоари од двете страни. Улицата е важна бидејќи го поврзува центарот на Студеничани со регионалниот пат Р2131 и минува низ населено место, главно со куќи, за кои ќе се подобри пристапот и безбедноста. Поради овие причини предвидена е реконструкција на локална улица бр. 5 во населенето место Студеничани.

Проектните елементи на локалната улица се во согласност со рангот на патот, класата на теренот и меродавните возила. Во основниот проект за реконстукција на ул. 5 во Студеничани се земени следните проекти елементи:

- сметковна брзина 40 км/h / 30км/h
- широчина на коловоз 2 × 2.75 = 5.50 m
- широчина на тротоар 2 × 1.50 = 3.00 m
- планум на патот 8,50м
- максимален надолжен пад/успон 3,38%
- максимален радиус на хоризонтална кривина Rмин = 100 м
- тампонски слој d = 30 cm
- коловоз – асфалт BNHS-16 d = 7 cm
- тротоар – бехатон плочки d = 6 cm
- одводнување според проект
- потпорен ѕид L=276,00m

Вкупната должина на улица бр. 5 во Студеничани е 837,17 м. Коловозот на улицата е формиран од две сообраќајни ленти со вкупна ширина од (2*2,75м) 5,50 метри, во должина од 837,17 метри. Од стационажа км 0+000,00 до км 0+281,28 е обезбеден тротоар од левата ивица на патот и потпорен ѕид, додека од км 0+297,14 до км 0+837,17 предвиден е тротоар од двете страни на улицата, со ширина од (2*1,5м) 3,00 метри.

За осветлување на ул. 5 во Студеничани предвидено е поставување на 42 ЛЕД светлосни канделабри со моќност од 72W поставени на топлопоцинкувани столбови од 6м. Нивото на осветленост е во согласност со постоечките закони и нормативи од ваков вид на улици. Ширината на дното на ровот треба да е 0,4 m и длабочина на ровот од 0,8 m.

За да се осигура дека потенцијалните ризици за безбедноста на патот, за учесниците во сообраќајот и за засегнатите заедници се спречени и/или ублажени, се спроведе Контрола на безбедноста на патот од страна на независен квалификуван тим ревизори ангажиран од ЕИП (ревизија во фаза на проектирање). За спроведената Контрола на безбедноста на локалните улици беше изготвен формален Извештај во кој се презентирани утврдените пропусти и недостатоци во безбедноста на патот како и препораките за нивно отстранување или намалување на нивното негативно влијание врз безбедноста на сообраќајот. Дадените препораки од извештајот се одобрени од општина Студеничани и се вградени во основниот сообраќаен проект.

Целта на спроведувањето на предвидените активности за реконструкција на проектната улица е да се подобри движењето на локалното население и безбедноста во сообраќајот.

Електронската верзија на Контролната Листа за ПУЖССА за проектот „локална улица 5 с. Студеничани, општина Студеничани“ е достапна на следните веб-страници:

- Општина Студеничани (https://studenicani.gov.mk/)
- МТВ/ЕИП: http://mtc.gov.mk/ или www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:**<br>________________________________<br>**тел:**<br>________________________________ |
| **Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:** | |
| **Потпис**<br>________________________ | **Дата**<br>______________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за реконструкција на локална улица 5 с. Студеничани, општина Студеничани", ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски**

**e-mail:** joze.jovanovski@piu.mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „локална улица 5 с. Студеничани", општина Студеничани**

**(датум на објава: 02.02.2024 година)**

**Референтен број: ________________________________**

(пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот)